Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 20.07.2020

На 19.07.2020 во 02.20 часот во близина на трговски центар на ул.„Партизански одреди", од полициски службеници од СВР Скопје бил приведен Р.Д.(21) од Скопје, кај кого бил пронајден нож на расклопување. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.07.2020 во 22.45 часот во Градски парк од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Л.Н.(18) од Скопје, кај кого при извршен преглед била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.07.2020 во 23.15 часот на ул.„Самоилова" од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Ш.Л.(23) од Скопје, кај кого при извршен преглед била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.07.2020 во 11.25 часот на Средно Водно од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Р.Ц.(26) од Гостивар, кај кого при извршен преглед била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.07.2020 во 22.00 часот на автопат А1 - клучка Миравци, полициски службеници го лишиле од слобода Д.П.(54) од с.Миравци, гевгелиско, кој без да поседува возачка дозвола управувал патничко возило „даеву ланос", со гевгелиски регистарски ознаки. При контрола на возилото било констатирано дека регистарските ознаки кои ги користел бил од патничко возило „мерцедес", сопственост на В.Ф. од с.Миравци, поради што постои основано сомнение дека е сторено кривично дело „фалсификување на исправа". Лицето било предадено на полициски службеници од Одделение за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија при РЦ за ГР „Југ" за понатамошна постапка.

На 19.07.2020 во 16.01 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Долна Матка, скопско, на кејот на река Треска, неколку непознати лица пукале со огнено оружје. Полициски службеници излегле на местото на настанот. На земјен пат биле пронајдени повеќе чаури, кои биле подигнати за понатамошна постапка од увидна екипа од СВР Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.07.2020 околу 21.25 часот на магистралниот пат Штип-Кочани, во близина на крстосница за с.Кучиново, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксвген поло", со радовишки регистарски ознаки, управувано од С.З.(71) од Радовиш и патничко возило „форд фокус", со штипски регистарски ознаки, управувано од Н.Р.(29) од Штип. С.З. починал на местото на незгодата, а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош, додека Н.Р. се здравел со повреди и бил пренесен во Здравствена установа Кочани. Увид на местото на незгодата извршила екипа од Полициска станица Кочани.

На 19.07.2020 околу 14.30 часот во близина на бензинска пумпа на ул.„7 Ноември" во Охрид, С.Б.(44) од Охрид, која управувала мотоцикл „јујинг", со струшки регистарски ознаки, изгубила контрола и паднала на коловозот. Во незгодата, С.Б. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо", каде што била пренесена за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Охрид.

На 19.07.2020 околу 15.00 часот на регионален пат Куманово-Свети Николе, кај с.Скачковце, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „шевролет спарк", со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.З.(21) од с.Скачковце, кумановско, и патничко возило „бмв", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Ш.Ш.(30) од Куманово. По незгодата, Ш.Ш., М.З. и останатите патничко моторно возило „бмв", Г.Ш.(31) и Н.Ш.(62), двајцата од Куманово биле пренесени во Клиничка болница Куманово за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Куманово.

На 19.07.2020 околу 15.20 часот на крстосница од ул.„Доне Божинов" и ул.„Братство - Единство" во Куманово, патничко возило „лада нива", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Б.К.(49) од Куманово, удрило во велосипед, управуван од В.Х.(56) од Куманово. По незгодата, В.Х. бил пренесен во Клиничка болница Куманово каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Куманово.

Во текот на 17,18 и 19.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се четири возила бидејќи биле нерегистрирани, шест возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, четири возачи поради управување со брзина поголема од дозволената, еден возач бидејќи поминал на црвено светло, еден возач поради недавашне на превентво на минување на пешаци, а 62 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

Поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривично дело „телесна повреда", на 19.07.2020 во 22.30 часот во СВР Охрид бил лишен од слобода Х.Б.(30) од Охрид. Тој претходно, во домот, физички нападнал членови на семејството. При преземање мерки во неговиот дом, полициските службеници пронашле и одзеле пиштол „BLOW Magnum", кој нелегално го поседувал. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.07.2020 во 15.15 часот, полициски службеници го привеле О.М.(23) од Штип, затоа што околу 15.00 часот пред трговски центар на ул.„Маршал Тито" во Штип, агресивно се однесувал кон полициските службеници кои вршеле службени дејствија. По комплетирање на случајот против О.Н. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.07.2020 во 00.20 часот во Полициската станица Радовиш бил приведен С.П.(33) од С.Подареш, радовишко, по кого била распишана потерница поради бегство од Психијатриска болница Негорци. Во 02.40 часот лицето е предадено во Јавна здравствена установа „Психијатриска болница" Негорци.

На 19.07.2020 околу 02.00 часот пред угостителски објект на ул.„8 Септември" во Дебар бил нарушен јавниот ред и мир со физичка напад извршен од неколку лица врз К.К.(23) од Дебар. Се преземаат мерки за целосно расветлување на случајот, по што против напаѓачите ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 19.07.2020 во 18.55 часот во СВР Битола, И.А.(32) и В.А.(36) од Битола пријавиле дека околу 12.30 часот во угостителски објект на ул.„Партизанска" во Битола приказиле дека нападнати од две лица, при што едното со тврд предмет го удрило двајцата, а другото со нож му нанело повреда на И.А.. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 19.07.2020 во 23.40 часот во СВР Битола, В.М.(24) и Е.Ј.(31) од Битола пријавиле дека околу 20.40 часот во домот на ул.„Даме Груев" во Битола, таткото на В.М. им се заканувал со нож. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 19.07.2020 во 16.50 часот во Полициската станица Цепиште било пријавено дека во с.Цепиште се слушнале неколку истрели од огнено оружје, по што полициски службеници излегле на местото на настанот и констатирале дека во куќа, сопственост на Е.Е.(48) од с.Цепиште, при семејна веселба, Џ.И.(62) од с.Октиси испукал неколку куршуми од пиштол „Застава М-57" кал. 7,62мм, за кој што поседувал дозвола. Џ.И. бил приведен во Полициска станица Дебар за понатамошна постапка, а пиштолот му бил одземен.

На 19.07.2020 околу 18.50 часот во просторија во Полициската станица Кавадарци, кај полициски службеник кој бил работно ангажиран, при одложување на службеното оружје, додека во просторијата имало уште четири полициски службеници, дошло до испукување на еден куршум од автоматска пушка во таванот од просторијата. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Полициската станица Кавадарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.07.2020 околу 18.45 часот во СВР Охрид, З.Т.(60) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот, додека бил во патничко возило „рено лагуна", заедно со неговото семејство во близина на Завод за нефрологија, каде претходно се случила сообраќајна незгода, застанало патничко возило „рену ровер", во кое имало три лица, кои по претходна расправија, излегле, а еден од нив го скршил стаклото од возачката врата при што С.Т. се здобил со повреди. Се преземаат мерки за расчистувањe на случајот.

На 19.07.2020 во 04.15 часот во СВР Скопје, В.Н.(22) од Скопје пријавил дека во 03.50 часот во близина на Универзална сала на ул.„Костурски херои", по претходно случена сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „опел", со скопски регистарски ознаки, управувано од пријавителот и патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, бил физички нападнат од Г.Г.(38) од Скопје, сопатник во патничкото возило „бмв". Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 19.07.2020 во 19.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на ул.„Владимир Комаров" во Скопје, поради меѓусебно недоразбирање, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ф.Р.(43), Н.А.(56) и Т.Ј.(54), сите од Скопје, кои биле под дејство на алкохол. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 17.07.2020 во 02.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автобуска постојка во с.Орешани, по претходна расправија помеѓу И.Г.(23) од с.Орешани и С.Г.(21) од Скопје, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Г.Г.(27) од с.Орешани ,од една страна, и Г.Г.(46), С.Г. и Љ.Г.(24), сите од Скопје, од друга страна. Сочинети се записници за за констатиран прекршок по член 11 став 3 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 19.07.2020 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„5" во с.Цветово, скопско, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.М.(29) и М.М.(62), од една страна и И.Р.(47), од друга страна, сите од с.Цветово. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 19.07.2020 во 22.00 часот во угостителски објект на ул.„Тодор Чангов" во Скопје, од полициски службеници од СВР Скопје бил приведен А.Д.(34) од Скопје, бидејќи го нарушил јавниот ред и мир со оналоваживање на полициските службеници кои вршеле контрола во објектот. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 13 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 19.07.2020 околу 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Поликлиника Ченто била донесена почината З.М.(74) од с.Арачиново. Во разговор со нејзиниот син А.М.(32) од Скопје, тој појаснил дека, додека бил кај неговата мајка, нејзе ѝ се слошило и паднала, по што била пренесена во Поликлиника Ченто, каде од лекар била констатирана смрт без знаци на насилство. За настанот бил известен Јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.07.2020 во 11.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Н.М.(22) од Скопје пријавил дека околу 08.00 часот на бул.„Партизански одреди" бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.07.2020 во 01.00 часот во с.Ѓорно Количани од полициски службеници од Полициска станица Драчево, бише пронајдени и вратени кај нивната мајка А.А.(15) и А.А.(13), двете од с.Глувово, за кои на 18.07.2020 нивната мајка Х.А.(37) од Скопје пријавила дека се оддалечиле од семејниот дом во с.Иницково.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.С.(28) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 26.06.2020, додека пријавениот управувал мопед „јамаха", на бул. „Октомвриска револуција" во Куманово, од страна на полициски службеници му било дадено знак да застане, но тој не ја почитувал наредбата, при што со мопедот удрил во полициски службеник и му нанел повреда.

СВР Велес и СВР Тетово поднесоа кривични пријави против М.А.(23) од Велес и Д.К.(62) од С.Бреница, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, без дозвола и без оправдана причина за итност биле затекнати надвор од своите домови и не се придржувале кон воведената мерка „забрана на движење на подрачјето на РС Македонија", со цел спречување на ширење на заразната болест ковид-19 и заштита на населението.

На 19.07.2020 во 14.30 часот во Полициската станица Драчево, Ф.С.(29) од Велес пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот невенчан сопруг А.С.(24) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.